РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

За да се намалат загубите на вода, јавните комунални претпријатија (ЈКП) мора да инвестираат во инфраструктура, дигитализација и енергетска ефикасност - порача Ацо Ристов, претседател на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад (РКЕ) на панелот „Користење на водоводната мрежа‘‘, во рамките на официјалното започнување на проектот „Отпорни и ефикасни комунални претпријатија во Македонија“.

Претседателот Ристов посочи дека секоја инвестиција за зголемување на ефикасноста на јавните комунални претпријатија од РКЕ ќе биде одобрена, но предупреди дека ќе се следи реализацијата.

„Ве охрабрувам да инвестирате. Но внимавајте, реализацијата на инвестициите ќе ги следиме преку серија на индикатори за ефикасност: дали има намалување на загубите на вода, дали е зголемена наплатата. Има анализи дека со воведување на дигитализација може да ги намалите трошоци за 10 до 15 проценти. Со намалување на потрошувачката на електрична енергија, се намалуваат значајно расходите. Ние како РКЕ преземаме чекори за да може да се зголеми енергетската независност на микро ниво – и кај општините, меѓу кои се и ЈКП. Идејата е општините да може да основаат Друштво за производство на електрична енергија преку кое ќе можат самостојно да управуваат, складираат и да го продаваат вишокот на енергија за потребите на единицата на локална самоуправа.“ изјави Ацо Ристов, претседател на РКЕ.

Проектот „Отпорни и ефикасни комунални јавни претпријатија“ е финансиран од Владата на Швајцарската конфедерација и Министерство за животна средина и просторно планирање како и дел од општините. Реализација на проектот има за цел да го подобри оперативното и финансиско работење на ЈКП, како и  да ја зголеми енергетската ефикасност преку воведување на современи решенија за одржливо управување со водните ресурси.

9.6.2026

ул. Македонија бр. 25,  палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат  • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004  • www.erc.org.mk  • e-mail: erc@erc.org.mk

Rr. Maqedonia nr. 25,  pallati Llazar Pop-Trajkov – kati i 6  • 1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
Qendra 02 3233-580 • Faks: 02 2556 004  • www.erc.org.mk  • e-mail: erc@erc.org.mk